Македонскиот центар за меѓународна соработка и Телевизија Телма ги избраа добитниците на наградите за граѓанско новинарство од првиот конкрус за приказни и фотографии на граѓански новинари.




Во категоријата приказни на граѓански новинари, **првото место го доби „Девојката со осите“ од Сашко Тодоров**, а **второто, „Загаденост во околината на Штип“ од Александар Стеванов**.

Во категоријата фотографии/фоторепоражи и видеа наградена е видео темата **„Првата вело-лента во Скопје, опасност за велосипедистите“**.

На првиот конкурс за приказни и фотографии на граѓански новинари пристигнаа вкупно 11 пријави.

Телма и МЦМС денес го отворија [новиот конкурс што ќе трае до 11 февруари 2018 година].

Ги поттикнуваме сите заинтересирани граѓаните да ги актуализираат проблемите кои непосредно ги засегаат, да ги забележат и на вистинскиот начин да информираат за нив, и на тој начин да ги предизвикаат институциите да постапат.